## ТЕМА 06: ПРЕДЕЛИ

1. ОПРЕДЕЛЕН ДЕЛ, КРАЈ ОД ЗЕМЈИНАТА ПОВРШИНА.
СЛИЧНО СО: КРАЈ (М.) , ОБЛАСТ (Ж.)
2. ОПШТ ИЗГЛЕД НА НЕКОЈ КРАЈ.
СЛИЧНО СО: ПЕЈЗАЖ (М.)
3. ДЕЛ ОД ТЕЛОТО ВО КОЈ СЕ НАОЃА НЕКОЈ ОРГАН.



*Жировница, 2005 (од циклусот Македонија сонувајќи) - фотографија на Иван Блажев*

Преку темата ПРЕДЕЛИ изложуваме две гледишта кои се следат како засебни и независни начини на доживување, интерпретација и совладување на природата; (I) позицијата на архитектот-планер кој би требало да носи одлуки за специфичниот однос на градот со пределот и (II) позицијата на уметник кој интимно го преработува пределот како мотив.

## РАЗГОВОР СО МИРОСЛАВ ГРЧЕВ

**А:** *Нашата претстава за природниот предел кој не опкружува, денес во голем дел е врзана за слики видени при патување од едно до друго урбано место. Во време кога луѓето најмногу од кога било до сега патуваат, а при тоа имаат сè помалку време за контакт со природата, погледот од движење низ инфраструктурните мрежи (автопати и железници) е можеби најчестата врска со природните предели. Кои параметри се од исклучително значење за носењето одлуки за тоа како и каде се поставуваат првите знаци на освојување (инфраструктурни потези)?*

**МГ:** Модерната цивилизација е, за жал, целата создадена во парадигмата на напредокот кој е сфатен како борба за „ослободување од прангите на природата“. Тоа значи дека од седумнаесеттиот век – кога прогресистичката парадигма е идејно воспоставена – до денес, освојувањето на просторите на природата, и нејзиното „совладување“ со алатките на науката и технологијата, биле основните мотивации на севкупниот урбан развој. Се разбира дека и основниот мит за неопходноста од константниот економски раст на капиталистичките општества е само дериват на овој светоглед. Колку и да е тажно, нашето еколошко освестување дојде предоцна и сè уште е маргинално во однос на преовладувачките текови на глобалниот развој на урбаните општества. Поради тоа сите први освојувачки чекори човештвото ги прави заслепено од чувството на триумф, пионерство и авантура, напредок и победа. На недостатокот од претпазливост за штетите што на природата и се прават во тие освојувања никој отпосле не сака ниту да се сеќава...

**А:** *Природниот предел е една од темелните одлики на идентитетските и културните слоеви на градовите. Како гледате на специфичниот контакт град-предел и што мислите, каков е тој однос во нашите градови денес?*

**МГ:** Кај нас никогаш не постоела обмислена стратегија за развој на градовите што ќе го зела односот град-предел како сериозна цел на планирањето. Исклучок се големите историски урбани јадра и други културни наследства што ја преживеале историјата заедно со своите предели, со коишто во изминатите векови живееле во тивка симбиоза. Но, и она што историските околности и социјалистичкото планирање го сочуваа – по случај, како и градските предели што успеавме да ги создадеме во изминатите половина век, за жал, последната деценија активно ги уништуваме.

**А:** *На примерот на Скопје, историјата на Водно во последните 5-6 децении ни ја демонстрира моќта на човекот да го трансформира; прво да ја подобри, а потоа и да ја деградира природната целина во градот... Многу малку се зборува за неконтролираното урбанизирање на подножјето со градење на луксузни 10 катници; денес ако застанете на булеварот св.Климент Охридски и погледнете кон Водно, некогаш возбудливата доминација на планината-шума е заменета со неописливо грда глетка на купишта згради. Каде е изгубено тоа сознание за значењето на природните елементи во градот?*

**МГ:** Од модерно општество што во првите половина век од своето раѓање развивајќи се знаеше и да греши, но и да ги препознава вистинските приоритети на иднината – како што беше пошумувањето на Водно (и на многу други предели во Македонија), последната деценија се претворивме во самоокупирана колонија во која беспоштедно – како во палеотехната и бандитскиот колонијален капитализам – од страна на државно-корпоративната мафија беспоштедно се ограбуваат природните и општествените блага. Градењето и уништувањето на Парк-шумата Водно е само една од многуте последици на овој самоуништувачки мафијашки фашизам.

**А:** *Природните елементи во градот претставуваат некакви слободни зони кои за жителите се привилегија но и голема одговорност. На кој начин да се заштитат овие природни (и културни) предели во градските средини?*

**МГ:** Водно е веројатно пример што треба да се изучува ширум светот, зашто придобивките од неговото пошумување беа, и сè уште се, толку големи и очигледни, што во потполност ја смениja скопската микроклима, пејзаж, бојата на градот, природата на планината, бесцеметото чувство дека до самиот центар на градот постои природен предел – планина и шума, и што сè не друго... И, сепак, денес парк-шумата се касапи и експлоатира како да е стока во кланица, без забележителни граѓански или професионални отпори и реакции. Иако уште значаен дел од постарите жители на градот се сеќаваат на голото и кафеаво Водно, од кое ригаа порои со црвена кал и камења, а летата беа неподносливо оморни и прашинести – не можеше да се спие ноќе по цели лета, а денес е токму обратното – градот нема ниту една неподнослива ноќ през целото лето; и покрај тоа, велам, Скопјани останаа рамнодушни на зуежот на моторните пили, на касапењето на Водно за просекување на криминални патишта, и на градењето бандитски луксузни десетспратници. Нема партикуларна заштита од државниот бандитизам – тој е како автоимуна болест во која општеството го уништуваат токму оние органи што се создадени да го штитат. Природните предели се само дел од жртвите на оваа деструктивна антицивилизациска политика на власта. Пределите треба да ги штити јавната свест на општеството и државните органи што се надлежни за тоа, но во нашиот случај тие може да се заштитат само ако се ослободиме од општествената болест што ги уништува – од бандитскиот фашизам.

## РАЗГОВОР СО КИРИЛ ГЕГОСКИ

**А:** *Како се решивте постојано да работите на една тема сиве овие години? Дали одлуката да го истражувате пејзажот беше интуитивна или свесна, дали пејзажот е сè уште актуелен мотив за вас?*

**КГ:** Сум сликал и други мотиви, но најмногу пејзажи. Одлуката можеби била интуитивна, самата фигурација на пејзажот отсекогаш ме привлекувала, но истражувањето на пределите е свесно. Сликите се производ на еден долг процес на интерпретација во кој јас не го пренесувам она што го гледам, туку го реинтерпретирам и пресоздавам. Го надградувам мотивот - надградбата е во природата на човекот. Во моментов работам на нови дела, и сè уште се обидувам да најдам нешто ново во она што го сликам, некои нови значења...

**А:** *Како гледате на односот град-предел? Дали сметате дека природниот предел е една од темелните одлики на културните слоеви на ова поднебје?*

**КГ:** Пред 50 години, градовите не беа градови. Во Прилеп каде го поминав моето детство, лозјата и планините беа на сто метри од мојата куќа. Отсекогаш повеќе сум се движел покрај градот, отколку во самиот град. Од прозорот на моево ателје, еве може да забележите, се гледаат Марковите Кули и планината. Низ годините, имам направено преку 250 цртежи низ овој прозорец, и преку нив го имам документирано времето во Прилеп, како се менува, како градот се движи нагоре. Бавно, но има промени.

**А:** *за ателјето како ваш личен простор за создавање...*

**КГ:** За мене важно е ателјето – работниот простор да е надвор од домот (куќата). Тоа е свет во кој се затвораш за да се ослободиш. Сум пробал да творам и надвор, изложен на градот или на планините, но не е исто. Таму само се подготвувам за она што треба да го создадам во ателјето. Во овој простор сум 40 години, и после толку време има една тежина, еден багаж во него од сите насобрани дела кои се трупаат, илјадници цртежи, акварели, слики.

**А:** *Во време на континуирана урбанизација, како се промени односот на човекот кон природата?*

**КГ:** Чувствувам една отуѓеност кај младите луѓе, можеби грешам, но ми личи како да не знаат каде е исток а каде запад, каде изгрева сонцето. Како да не се заинтересирани за просторот воопшто, затворени и оптоварени од компјутерите.

**А:** *Што мислите, во какви насоки се движат сликарството и уметноста денес?*

**КГ:** Денес има многу уметници, некои од нив се доста талентирани. Порано немаше толку луѓе кои изучуваа уметност – денес стотици излегуваат секоја година, тоа е голема разлика. Ми се чини дека на 90% од нив уметноста како да им е хоби. Но, сакале или не, времето ќе ги исфрли на површина оние кои сакаат да работат, кои можат да се жртвуваат. Позицијата на уметникот ми се чини, се нема променето, финансиите отсекогаш биле проблем... Во уметноста уметникот е сам.



*Уметникот во своето ателје, 2016*

АРХИ.ТЕК : БЕСПЛАТНА МЕСЕЧНА ПУБЛИКАЦИЈА НА АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ СКОПЈЕ, УНИВЕРЗИТЕТ СВЕТИ КИРИЛ И МЕТОДИЈ УРЕДНИЦИ: ВЛАДО ДАНАИЛОВ & МИЛА ДИМИТРОВСКА © АРХИ.ТЕК arhitek.afs@gmail.com



*Кирил Гегоски, Планински предел, 1980, масло на платно*

 © АРХИ.ТЕК arhitek.afs@gmail.com